## Универзитет Американ Колеџ - Скопје

# Развивање на вештините на студентите наспроти фактографско знаење



Д-р Марјан Бојаџиев, ректор на Универзитет Американ Колеџ



*За нейолна декада Универзишешош ирерасна во водечка образовна инсшишуција во Македонија која нуди висококвалишешно образование со ексиерши од шеорија и од ирекса.*

**Историјат**

Универзитетот е основан во 2005 година, најпрво како Факултет за деловна економија и организациони науки. Постепено, Факултетот прерасна во Универзитет со шест единици – Факултети на кои се нудат програми на македонски и/или англиски јазик на додипломски и постдипломски студии. Во текот на изминатите 6 години, Универзитетот стана водечка образовна институција во Македонија која нуди висококвалитетно образование со одлични професори и експерти од пракса. Потврда за квалитетот на наставниот и менаџмент процесот се и меѓународните акредитации кои се добиени како резултат на детерминираноста за квалитет во високото образование. Имено, основно начело на Универзитет Американ Колеџ Скопје (УАКС) е дека образованието е богатство.

Студентот е во фокусот на Универзитетот. Акцент се става на развивање на вештините на студентите, наспроти фактографско знаење. Наставниците ја поттикнуваат и поддржуваат способноста на студентите да размислуваат креативно и критички и ефикасно да комуницираат. Предавањата не се одвиваат како класични фронтални предавања во кои фокус е наставникот, туку како интерактивна настава, дискусија, и практични примери.




Во својата мисија, УАКС има за цел да обезбеди заедница со високо образование, професионална поддршка на индустријата и владата, како и добро обучени млади луѓе подготвени да влезат на пазарот на труд со професионално и исклучително знаење. Европските и американските образовни програми на студентите им нудат иновативни стратегии и техники за да се истакнат на пазарот на трудот насекаде во светот.




Универзитет Американ Колеџ Скопје е уникатен на пазарот бидејќи нуди квалитетни високообразовни програми на англиски и на македонски јазик на избраните факултети на додипломски и постдипломски студии. Програмите, покрај домашни привлекуваат и странски студенти подготвувајќи ги за работа во бизнис секторот и индустријата, владите и меѓународните организации. Целта на УАКС е да се развие во институција за истражување и применети истражувања.

**Програми**

Учењето и интеракцијата меѓу студентите и професорите се одвива во средина на вистински кампус, каде студентите можат да пристапат до материјали за предавањата, библиотекарски услуги и консултации со универзитетскиот кадар. Наставните програми се модерни, иновативни и потврдени од компаниите кои работат во земјава (преку т.н. Деловен совет). Поради нивната компатибилност со програмите на европските и американските факултети, како и поради меѓународните акредитации, студентите имаат можност за трансфер на други факултети.

Универзитетот нуди програми на македонски и/или англиски јазик за **додипломски студии** на следните

факултети:

– Факултет за деловна економија и организациони науки (со насока во: Маркетинг, Финансии и Менаџмент)

– Факултет за архитектура и дизајн (со насока во: Архитектура, Внатрешна архитектура, Визуелни уметности, Архитектура и менаџмент),

– Факултет за компјутерска техника и информатика (со насока во: Софтверско инженерство и ИТ Менаџмент),

– Факултет за политички науки (со насока во: Меѓународни односи и дипломатија со бизнис, Меѓународни односи и дипломатија и Човекови права),

– Факултет за странски јазици (со насока во: Деловна комуникација и превод на англиски јазик, Настава по англиски јазик со бизнис и Настава по англиски јазик) и

– Факултет за правни науки (со насока во: Правосудна насока и Деловно право).

Традиционално, голем е интересот за сите факултети од Универзитетот, бидејќи сите се акредитирани надвор од границите на Македонија.

**Скорешен развој**

За неполна декада Универзитетот прерасна во водечка образовна институција во Македонија која нуди висококвалитетно образование со експерти од теорија и од пракса.

Библиотеката на Универзитетот е снабдена со најсовремена литература, а предност е достапноста до електронската база на трудови ЕБСКО со преку 500.000 наслови од различни научни полиња. Ова е голема и уникатна предност за студентите и нивните рани стадиуми на истражувачка дејност. Професорите во своите предавања користат најнови изданија од модерната светска литература и автори, како и литература и материјали од Универзитетите Харвард, Дарден и Стенфорд.

Со цел унапредување на програмите и надградба на академскиот кадар, УАКС е членка на ЕФЕР – Европска развојна фондација за претприемачки развој од 2008 година. Покрај тоа, наставниот кадар постојано се усовршува преку обуки, истражувачка работа, размена со странски универзитети и слично. Алумни асоцијацијата е уште една успешна приказна на УАКС. УАКС е единствен универзитет во Македонија кој има активна база на Алумни (студенти кои димпломирале) односно Алумни клуб, чија цел е одржување на врската помеѓу студентите и нивниот Универзитет што подолгорочна и што поплодна (преку организирање заеднички настани, обезбедување на пракса за стдуентите, можност за вработување и слично).

Од академската 2011/12 година УАКС доделува стипендии за студенти со висок просек од средното образование, а кои не се во финансиска можност да го понесат товарот за школување. За таа цел, Универзитетот основа Фондација за стипендирање и професионален развој која доделува стипендии за тие студенти. Оваа година во програмата на Фондацијата е доделување на три стипендии за студирање во прв циклус на факултетите во склоп на Универзитетот. Истите се доделуваат на успешни студенти, квалитетни идни кадри од различни области кои ќе постанат достојни репрезенти на успешната работна сила во Македонија. Подготовката на конкурсот е во завршна фаза и за многу кратко време ќе биде објавен, па сите заинтересирани ќе може да аплицираат за една од трите целосни стипендии.



**Достигнувања**

Универзитетот Американ Колеџ Скопје практикува високо образовен процес кој ги комбинира најдобрите американски и европски образовни искуства, користи современа светска литература, студии на случај и практични примери од водечки Универзитети, како и гости предавачи со богато академско и практично искуство.

Дел од програмите на Универзитетот се меѓународно акредитирани од страна на Советот за акредитација на бизнис школи и програми (ACBSP) од САД и Европскиот совет за бизнис образование (ECBE) со седиште во Швајцарија.

Ова претставува дополнување на мисијата на УАКС и признание за квалитетот на нашите наставни програми, а за студентите голема можност за мобилност во светот бидејќи нивните дипломи имаат иста вредност како дипломите на студентите од ЕУ и САД. Постдипломската програма на УАКС наречена MBA (Master in Business Administration) во 2011 година се најде помеѓу програмите на десетте најдобри универзитети од Југоисточна Европа, рангирана од страна на престижниот „ЦЕО магазин" за глобално MBA рангирање („CEO Magazine").

Професори од Универзитетот Американ Колеџ Скопје се добитници на награди за истражувачка дејност. Меѓу поистакнатите лауреати се проф. д-р Томе Неновски, добитник на државната награда ***„23 Октомври"*** за 2011 година како највисоко признание за долгогодишни остварувања за Република Македонија во областа на науката и образованието, д-р Марјан Петрески, добитник на наградата Олга Разинер на Австриската Централна Банка и наградата за најдобар млад истражувач, проф. д-р Никица Мојсоска Блажевски, добитник на награда за најдобар истражувачки труд во областа на макроекономија за 2011 г.

Универзитет Американ Колеџ Скопје е претставник од Македонија за Решица Нет, мрежа на универзитети насочени кон претприемништво и иновации од Југоисточна Европа. Оваа соработка помеѓу повеќе од 13 универзитети од Германија, Австрија, Словенија и земјите од Балканот допринесува за унапредување на академската мисла во Македонија, како и пренесување на добрите пракси во раководење со претприемачките фирми, зголемена стапка на нови бизниси, застапеност на иновации кај МСП и стратегии за поддршка при наследување на семејни бизниси.

**УАКС соработува со низа универзитети, асоцијации и институти меѓу кои се:** Универзитетот на Источна Каролина, Меѓународен Универзитет на Вирџинија од САД; Универзитетот Џон Кабот, Италија; Геа

МАТУРАНТ

Колеџ, Словенија; Универзитетите Дофин и Хоризонс од Франција; Швајцарски менаџмент центар; Универзитет Гази од Турција, Универзитет Вормс од Германија и други.

**Промоција**

Како и секој престижен Универзитет, така и Универзитетот Американ Колеџ Скопје особено внимание посветува на промоцијата, јакнење на својот имиџ и бренд. Во својата маркетинг стратегија има за цел да користи повеќе канали за комуникација со клиентите. Слоганот **„American way, American style, American college"** е движечката сила во маркетинг концепцијата на Универзитетот. Промоцијата покрај традиционалните медиуми, се одвива и преку социјалните медиуми кои се секојдневие за студентите и тоа: https://www.facebook.com/americancollege, https://twitter.com/UACSkopje i http://www.youtube.com/user/UACSkopje, kako i veb stranata na Univerzitetot www.uacs.edu.mk.

Со цел промовирање на достигнувањата и истражувањата на академскиот кадар за поддршка на деловната заедница, често се организираат тркалезни маси, панел дискусии, како и научни и стручни конференции, во кои активно учество земаат и студентите на Универзитет Американ Колеџ Скопје и се запознаваат со актуелните истражувачки прашања.

УАКС е долгогодишен поддржувач и промотор на манифестациите „Глобална недела на претрпиемништвото", „ЕУ Недела на мали и средни претпријатија" како и „Неделата на енергетика" во Македонија преку кои ја јакне поддршката на невладиниот сектор.

**Вредности на брендот УАКС**

Универзитетот Американ Колеџ Скопје е препознатлив кај студентите, деловната заедница и академскиот свет како во земјата, така и во регионот.

Зад брендот УАКС се исправаат вредностите на квалитетно високо образование, комбинација од врвни американски и европски образовни искуства, современа литература и интерактивен процес на совладување на знаења и вештини.

Брендот УАКС значи престиж и квалитет во образовниот процес. Покрај тоа, Универзитетот посветува големо внимание на заедницата вклучувајќи ги практиките на општествена одговорност во своето работење, како и хуманоста. Наградите и признанијата се доказ за добрите дела.

Секако, како дополнителна вредност, оваа институција ги вбројува и одличните услови за работа и надградувањето на својот кадар. Ова пред се сè однесува на усовршување на академскиот кадар и поттикнување на научно-истражувачката работа надвор од земјата.

**Дали сте знаеле дека Универзитет Американ Колеџ Скопје**

– е единствениот Универзитет во Македонија кој е меѓународно акредитиран од неколку тела за акредитација АЦБСП – САД, ЕЦБЕ – ЕУ и YOK од Турција (Турски совет за високо образование)

– е единствен кој нуди програма на англиски јазик

– има активна Алумни мрежа на студенти

– е единствениот Универзитет од Македонија со награда за општествена одговорност

– има Деловниот Совет во кој членуваат повеќе од 130 компании, институции и организации од Македонија кои оперираат во различни области

– веќе седум години организира меѓународна конференција, која од година во година има се поголемо значење во научниот свет

– е единствениот Универзитет кој нуди Executive education обуки за врвни менаџери

– е единствениот Универзитет – СУПЕРБРЕНД за 2011/2012 година!


University American College Skopje
www.uacs.edu.mk

ЕДИНСТВЕНО НА УАКС! СТУДИРАЈ НА
МЕЃУНАРОДНО АКРЕДИТИРАН УНИВЕРЗИТЕТ
ДОДИПЛОМСКИ И ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ

ACBSP ACCREDITED
АКРЕДИТИРАН ВО САД

ECBE
АКРЕДИТИРАН ВО ЕУ

УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ - ул. Трета Македонска бригада бр.60, Скопје - 02 2463156 - info@uacs.edu.mk - www.uacs.edu.mk americancollege UACSkopje UACSkopje